МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за објавување на Програма за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа за 2026 година

1. Се објавува Програма за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа за 2026 година, донесена на 6. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-11062/16**
**Датум:29.12.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски**

*ул.„Никола Русински“ бр.11 тел. 02/3055 -901, 02-3055-902*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 22, став 1, точка 13 и член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Карпош, на 6. седница, одржана на 26 декември 2025 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа за 2026 година

## I. Развојни приоритети и цели

Во Програмата се дефинираат повеќе приоритети поврзани со месната самоуправа,кои треба да придонесат за унапредување на истата и тоа:

- Поддршка и помош во организацијата на разни манифестации кои се организираат во урбаните,односно во месните заедници;

## II. Проектни активности

### А. Поддршка и помош во организацијата на разни манифестации кои се организираат во урбаните, односно месни заедници

| | **Прослава на Св. Пантелејмон во Општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности** | **Финансиска и логистичка поддршка на прославата на верскиот празник Св Пантелејмон во урбаната заедница Нерези** |
| **Стратешки насоки и** | **Почитување на верските празнувања ,негување** |

| | |
|---|---|
| **цели** | **и продолжување на народните обичаи при верските празнувања.Дружење и непосредна комуникација на граѓаните од Општината** |
| **Очекувани резултати** | **Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на на жителите на урбаната заедница** |
| **Целна Група** | **Жителите на урбаната заедница Нерези и пошироко на целата територија на Општината** |
| **Предвидена финансиска рамка** | **40.000,оо денари** |
| **Реализатор** | **Општина Карпош** |

| | *Прослава Св.Атанасиј во Општина Карпош* |
|---|---|
| **Опис на активностите** | Финансиска и логистичка поддршка на прославите за верскиот празник Св.Атанасиј во урбаните заедници Влае 1, Пецо Божиновски – Кочо и Злокуќани; |
| **Стратешки насоки и цели** | Почитување на верските празнувања, негување и продолжување на народните обичаи при верските празнувања. Дружење и непосредна комуникација на граѓаните од урбаните заедници и пошироко. |
| **Очекувани резултати** | Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на жителите на урбаните и месни заедници и пошироко. |
| **Целна група** | Жителите на урбаните заедници Влае 1 и Злокуќани,Пецо Божиновски-Кочо |
| **Предвидена** | Вкупна предвидена финансиска рамка |

| | |
|---|---|
| **финасиска рамка** | 120.000,оо денари од кои:<br>(“Влае 1” 40.000,оо денари, Пецо Божиновски – Кочо 40.000,00 денари и Злокуќани 40.000,00 денари) |
| **Реализатор:** | Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| | **Прослава на Богојавление-Водици во Општина Карпош** |
| **Опис на активностите** | Финансиска и логистичка поддршка на прославата за верскиот празник Богојавление-Водици во урбаната заедница Нерези |
| **Стратешки насоки и цели** | Почитување на верските празнувања, негување и продолжување на народните обичаи при верските празнувања.<br>Дружење и непосредна комуникација на граѓаните од Општината. |
| **Очекувани резултати** | Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на жителите на урбаната заедница |
| **Целна група** | Жителите на урбаната заедница Нерези,и пошироко на целата територија на Општината. |
| **Предвидена финасиска рамка** | 40.000,оо денари |
| **Реализатор:** | Општина Карпош |

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

| | *Прослава Св.Тројица во Општина Карпош* |
|---|---|
| **Опис на активностите** | Финансиска и логистичка поддршка на прославата за верскиот празник Св.Тројца во месната заедница Бардовци; |
| **Стратешки насоки и цели** | Почитување на верските празнувања, негување и продолжување на народните обичаи при верските празнувања.<br>Дружење и непосредна комуникација на граѓаните од месната заедница и пошироко . |
| **Очекувани резултати** | Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на жителите на месната заедница и пошироко. |
| **Целна група** | Жителите на месната заедница Бардовци,и пошироко на целата територија на Општината. |
| **Предвидена финасиска рамка** | 40.000,00 денари |
| **Реализатор:** | Општина Карпош |

| | *Прослава Ифтар во Општина Карпош* |
|---|---|
| **Опис на активностите** | Финансиска и логистичка поддршка на прославата за верскиот празник Ифтар во УЗ Нерези и УЗ Злокуќани; |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели** | Почитување на верските празнувања, негување и продолжување на народните обичаи при верските празнувања.<br>Дружење и непосредна комуникација на граѓаните од урбаната заедница и пошироко. |
| **Очекувани резултати** | Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на жителите на урбаната заедница и пошироко. |
| **Реализатор** | Жителите на УЗ Нерези и УЗ Злокуќани |
| **Предвидена финасиска рамка** | Вкупна предвидена финансиска рамка 80.000,оо денари од кои:<br>(УЗ Нерези 40.000,оо денари,УЗ Злокуќани 40.000,оо денари) |
| **Реализатор:** | Општина Карпош |

| | *Прослава на Св.Сава во Општина Карпош* |
|---|---|
| **Опис на активностите** | Финансиска и логистичка поддршка на прославита за верскиот празник Св.Сава на целата територија на Општина Карпош , по Урбани и Месни заедници; |
| **Стратешки насоки и цели** | Почитување на верските празнувања, негување и продолжување на народните обичаи при верските празнувања.<br>Дружење и непосредна комуникација на граѓаните од територијата на Општината,од сите урбани и месни заедници. |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати** | Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на жителите на урбаните и месни заедници |
| **Целна група** | Жителите на урбаните и месни заедници на територијата на Општина Карпош |
| **Предвидена финасиска рамка** | 40. 000,00 денари |
| **Реализатор:** | Општина Карпош |

| | **Прослава на 8-ми септември Денот на Независноста во Општина *Карпош*** |
|---|---|
| **Опис на активностите** | Финансиска и логистичка поддршка за Денот на Независноста 8 ми Септември |
| **Стратешки насоки и цели** | Почитување на одбележувањето на 8 ми Септември денот на Македонската Независност самобитност и државотворност |
| **Очекувани резултати** | Зачувување на Државноста и самобитноста на македонскиот народ односно на граѓаните жители на Урбаните и месни заедници |
| **Целна група** | Жителите на урбаните и месна заедница на територијата на Општина Карпош |
| **Предвидена финасиска рамка** | 50.000,оо ден |
| **Реализатор:** | Општина Карпош |

**Вкупна предвидена финансиска рамка: 410.000,00денари**

**III. Финансирање**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 410.000,оо денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2026 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата,а кои согласно потребите ке се појават во текот на 2026 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

**IV.Завршни одредби**

Одделението за месна самоуправа со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа програма.Покренувањето на нови иницијативи,како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

**Број: 09-11690/19**
**Датум: 26.12.2025 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Христо Саракинов**